РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Уп Бр. 24-51
22-12- 2022 год.
СТРУМИЦА

Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица Македонија

централа: 034-348-030, кабинет: 348-026, факс 034 320-544
www.strumica.gov.mk, gradonacalnik@strumica.gov.mk, info@strumica.gov.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина ( „Сл. весник на РМ" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Струмица, на ден 22.12.2022 година, донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект за градби вон опфат на урбанистички план, за градба со намена А4 – времено сместување на КП 1527 во КО Габрово, општина Струмица, кој се носи согласно Закон за урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РСМ" бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22 ), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ( „Сл.весник на РМ" бр. 142/15 ) и Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2022 година бр. 08-8429/1 од 29.12.2020 година, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Струмица www.strumica.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект за градби вон опфат на урбанистички план, за градба со намена А4 – времено сместување на КП 1527 во КО Габрово, општина Струмица, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има преку урбанизација на конкретниот плански опфат, позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот - озеленување, осветлување, се создаваат услови за развој на локалната економија.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерот за животна средина и просторно планирањево рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на општината.

ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Костадин Костадинов

Дата: 22.12.2022 год.
Струмица

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА

... СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
... УМИЦА
... НИК
Уп бр. 24-51
22-012-2022 год.
СТРУМИЦА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Урбанистички проект за градби вон пфат на урбанистички план, за градба со намена А4 – времено сместување на КП 1527 во КО Габрово, општина Струмица** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДПГИ ВЕКТОР 90 ТОМЕ ДООЕЛ |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Струмица |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Томе Тимов |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 034/331-210 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РСМ" бр. 32/20), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ( „Сл.весник на РМ" бр. 142/15), Правилникот за урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22 ) и Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2022 година ( бр. 08-8429/1 од 29.12.2021 година ). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА☒ НЕ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Предметната локација до сега не била предмет на урбанизација и не навлегува во плански опфат на други урбанистички документи. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☐<br>**Не**☒ ☐ | **Член:** 3 | **Точка:** 13 | **Алинеја:** / |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Во случајот станува збор за урбанистички проект за градба вон опфат на урбанистички план, за градба со намена А4 – времено сместување на КП 1527 во КО Габрово, општина Струмица. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Површината на планскиот опфат изнесува 5784,235 м². |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

| |
|---|
| Цел на урбанистичкиот проект е урбанизација на парцелата со КП 1572 со дефинирање на сите архитектонско – урбанистички параметри за изградба во границите на утврдена градежна парцела, за понатамошна изработка на Основни проекти, врз основа на актуелната законска регулатива.<br><br>Со урбанистичкиот проект се врши дефинирање на границите на градежната парцела ГП1 и се задаваат услови за градба во границите на градежната парцела со утврдување на класа на намена А4 – времено сместување, максимална површина за градба, развиена површина за градба, висина на венец како и паркирање во границите на градежната парцела.<br><br>Во рамки на парцелата планирани се две градби, во кои се планирани апартмани со заеднички централен простор за престој и заедничка кујна.<br><br>Во планираните градби предвидени се вкупно 20 легла.<br><br>Во рамки на парцелата планирана е изградба на отворен базен за корисниците на апартманите, со хортикултурно уредување на парцелата. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Јуни 2022 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Проектниот опфат дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4 – времено сместување, согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РСМ" бр. 32/20 ) и Правилникот за урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 ), се поклопува со границите на КП 1527 КО Габрово, општина Струмица.<br>Проектниот опфат од јужната страна граничи со постоечки земјен пат, додека од останатите страни граничи со неизградено земјиште со намена шуми.<br>Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 5784,235м$^2$.<br>Теренот е во пад, на надморска висина која се движи од 222 до 234 м.<br>Пристап до парцелата е обезбеден од постоечки земјен пат кој се надоврзува на регионалниот пат Р 1402 Куклиш – Банско - Ново Коњарево. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |



1870сер.

| **Резиме на влијанијата врз животната средина** (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значит елно влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br><br>Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објект на земјиште на кое е предвидена класа на намена А4 – времено сместување, врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од Просторниот план на РСМ, затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени, односно како активност нема значително влијание врз животната средина.<br>Потенцијални влијанија врз животната средина од реализација на планскиот документ би можеле да настанат од: движење на мханизацијата по неасфалтирани патишта, создавање на бучава, евентуално протекување на масла, создавање на различен вид на отпад. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот - озеленување, осветлување.<br>Меѓутоа, веројатноста е дека усвојувањето на УП ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната, ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на локацијата каде што треба да биде реализиран урбанистичкиот проект, од видот и природата на планираните проектни содржини, кои не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи, со реализацијата на проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии, бидејќи планскиот документ ги содржи сите потребни мерки за заштита од сите аспекти. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Површината на опфатот изнесува 5784,235 м². Проектниот опфат од јужната страна граничи со постоечки земјен пат, додека од останатите страни граничи со неизградено земјиште со намена шуми. Густината на населението во општина Струмица изнесува 49.995 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

- Урбанизација на конкретниот плански опфат;
- Зголемен процент на изграденост и коефициент на искористеност;
- Слободниот дел од градежната парцели хортикултурно ќе се уредува со високо и ниско зеленило и трева, најмалку 20 % зеленило;
- Ќе се подобрат условите во поглед на комунална инфраструктура.
- повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот - озеленување, осветлување.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**
Со донесувањето на планскиот документ ќе се зголеми вредноста на областа која е засегната со донесување на овој документ.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Парцелата кае што треба да се реализира проектот се наоѓа во непосредна близина на заштитеното подрачје Моноспитовско блато.<br>Во рамки на проектниот опфат не е евидентирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. Предложеното решение за организација на просторот предлага оптимално почитување на функцијата живеење, објективно усогласување на можностите и потребите, создавање на здрава животна средина и мерки за заштита на населението. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Предметниот проектен опфат е составен од КП 1527 која е во сопственост на инвеститорот и претставува неизградено земјиште кое во момантот е израмнето и не се користи. |

| | |
|---|---|
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Со урбанистичкиот проект ќе се изврши урбанизација на предметната парцела со дефинирање на сите архитектонско – урбанистички параметри за изградба во границите на утврдена градежна парцела, за понатамошна изработка на Основни проекти, врз основа на актуелната законска регулатива.<br>Со урбанистичкиот проект се создаваат услови за развој на локалната економија преку плаќање на данок на нимот на сопствениците што претставува значаен извор на приход на локалната самоурава. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br><br>Со планскиот документ се предвидува реализација на нови објекти со намена А4,1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија. Во близина на панскиот опфат постои земјен пат и неизградено земјиште наменето за шуми. |

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој ( да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми ). Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови.**

Донесувањето на овој УП ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:
- воздух - активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација ( во текот на изградба на предвидените објекти ). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот, бидејќи тоа ќе биде само во тек изградба. Со планскиот документ се предвидуваат мерки и активности за намалување на влијанието врз животната средина преку поплочување на внатрешниот простор со бекатон и со посипување на чакал, исто така се предвидува озеленување на слободниот простор со ниско и високо зеленило, посадување на жива ограда околу целиот простор, што дополнително ќе придонесе за намалување на загадувањето на воздухот и вклопување во околината. Исто така се планира поставување на фотоволтаични панели на крововите.
- површински и подземни води - со реализација на овој УП не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Планските решенија за комуналната инфраструктура, предвидува собирање на фекалните и атмосферските води од планскиот опфат, поврзување со внатретрешна фекална канализација, одведување на фекалната вода до водонепропустлива септичка јама, а атмосферската вода ќе се одведува кон површините предвидени за зеленило.
- бучава – во фазата на реализација на проектот се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација. Но тоа ќе биде краткорочно, во периодот на изградба, а со оглед на локацијата каде ќе биде реализиран проектот, ќе нема посебно влијание.
- отпад - во фазата на реализација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на отпад. Меѓутоа, се предвидува одведувањето на создадениот отпад да биде од страна на овластен собирач со склучен меѓусебен договор.

Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни.

Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови .

Планскиот документ позитивно ќе влијае врз:

- Урбанизација на конкретниот плански опфат;
- Реализација на планот за изградба на градби на парцела која уште не е изградена;
- Зголемен процент на изграденост и коефициент на искористеност;
- Слободниот дел од градежната парцела хортикултурно ќе се уредува со високо и ниско зеленило и трева;
- Ќе се подобрат условите во поглед на комунална инфраструктура.
- Повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот - озеленување, осветлување

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br><br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- Зголемување на нивото на загадување на воздухот ( предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите );<br>- Зголемување на нивото на бучава ( предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација );<br>- Зголемување на количината на продуциран отпад ( во фаза на реализација ).<br>Сето тоа е занемарливо бидејќи сите тие активности кои влијаат врз животната средина се краткорочни, во периодот на изградба и со планскиот документ се предвидуваат мерки за аштита на животната средина од секој аспект.<br><br>Планскиот документ позитивно ќе влијае врз:<br>- Урбанизација на конкретниот плански опфат;<br>- Ќе се подобрат условите во поглед на комунална инфраструктура.<br>- Повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот - озеленување, осветлување. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>Планскиот документ со тех.бр. 011-2303/2021 кој се донесува нема претходна урбанистичка планска документација. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>Стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето не е спроведена, бидејќи планскиот документ до сега не бил опфатен во други урбанистички документи. |

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој полежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна среда и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставaт до органот надлежен за одобрување.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **ОПШТИНА СТРУМИЦА**<br>**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**Костадин Костадинов** |
| **Датум:** 22.12.2022 година<br>**Место:** Струмица | **М.П.** |